# Службен гласник

| Број 21 | 01.08.2014 година |
|---|---|

на Општина Кавадарци


С О Д Р Ж И Н А


| | |
|---|---|
| Решение за објавување Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година; | **2** |
| Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година; | **2** |
| Решение за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата “Тиквешки Гроздобер 2014”; | **3** |
| Програма за изменување и дополнување на Програмата “Тиквешки Гроздобер 2014”; | **5** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 годин , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 01.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-3665/1**
**01.08.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 32од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” 5/2002), член 29 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (“Службен весник на РМ бр.61/2004,96/2004, 67/2007, 156/09,47/2011), Советот на Општина Кавадарци на седницата 01.08.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**

**Член 1**

Во Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година се вршат следниве изменувања и дополнувања:

**I.Биланс на приходи не се вршат измени**

**II.Биланс на расходи**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

| Програма | Потставка | Состојба на Буџет | Ребалансиран износ | Износ на промена |
|---|---|---|---|---|
| ГА0 | 464990 | 8.991.000 | 6.391.000 | -2.600.000 |
| К2 | 423990 | 0 | 200.000 | +200.000 |
| К2 | 425190 | 0 | 650.000 | +650.000 |
| К2 | 425990 | 400.000 | 2.150.000 | +1.750.000 |
| К2 | 480190 | 0 | 1.000.000 | +1.000.000 |
| К2 | 482930 | 1.000.000 | 0 | -1.000.000 |
| Вкупно расходи | | 10.391.000 | 10.391.000 | 0 |

Вкупните расходи во Програма ГА0– Изградба на комерцијални објекти износот од 22.594.000 денари се заменува со износ од 19.994.000 денари;

Ставката 464 – Разни трансфери, износот од 8.991.000 денари се заменува со 6.391.000 денари;

Подставка 464990 – Други трансфери, износот од 8.991.000 денари се заменува со 6.391.000 денари.

Вкупните расходи во Програма К2– Музичка и сценско-уметничка дејност износот од 2.868.000 денари се заменува со износ од 5.468.000 денари;

Ставката 423 – Материјали и ситен инвентар, износот од 260.000 денари се заменува со 460.000 денари;

Подставка 423990 – Други материјали, износот од 0 денари се заменува со 200.000 денари.

Ставката 425 – Договорни услуги, износот од 480.000 денари се заменува со 2.880.000 денари;

Подставка 425190 – Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени, износот од 0 денари се заменува со 650.000 денари.

Подставка 425990 – Други договорни услуги, износот од 400.000 денари се заменува со 2.150.000 денари.

Ставката 480 – Купување на опрема и машини, износот од 0 денари се заменува со 1.000.000 денари;

Подставка 480190 – Купување на друга опрема, износот од 0 денари се заменува со 1.000.000 денари.

Ставката 482 – Други градежни објекти, износот од 1.000.000 денари се заменува со 0 денари;

Подставка 482930 – Реконструкција на други објекти, износот од 1.000.000 денари се заменува со 0 денари.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето,а ке се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07 –3600/1**
**01.08.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата "Тиквешки Гроздобер 2014"**

1. СЕ ОБЈАВУВА Програма за изменување и дополнување на Програмата "Тиквешки Гроздобер 2014", донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 01.08.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-3665/2**
**01.08.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа „(Сл.весник на РМ„ бр.5/2002 ), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци (Сл.гласник на општина Кавадарци бр.8/2005, Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 01.08.2014 година , донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За изменување и дополнување на**
**Програмата Тиквешки Гроздобер 2014**

**Член 1**

Во Програмата Тиквешки Гроздобер 2014 бр.07-3014/8 од 08.07.2014 година се врши следната измена :
Во глава **„БУЏЕТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР 2014 „**

I. **Во Извори на финасирање:**

1. Буџет на Општина Кавадарци -------------------------- износот од 2.000.000 ден СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 4.600.000 денари.

II. Во РАСХОДИ , после точка 4 СЕ ДОДАВААТ нови точки и тоа:
5. Музички групи - 1.600.000 ден;
6.Организација за колективно управување со авторски права - 100.000,000 ден;
7.Озвучување , бина и осветлување - 650.000,000 ден;
8. Материјали за костими на карневалски групи и други сцени - 200.000,00
9.Ангажирани лица водачи на краневалски групи хостеси и др - 50.000 ,00 ден ;
Вкупниот износ од 2.000.000 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износ од 4.600.000 денари.

Средствата под реден број 5, 6, 7, 8 и 9 ке се обезбедат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година Програма К2-музичка и сценска дејност, а ке се реализираат од Дом на култура „Иван Мазов- Климе„ Кавадарци по Програмата.

Во останатиот дел Програма останува непроменета.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.07 –3600/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**01.08.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**